Април 2010 Бр.102

FOREVER

MACEDONIA

FOREVER

EUROPEAN RALLY & PROFIT SHARE 2010 FOREVER LONDON

ЕВРОПСКО РЕЛИ НА ФЛП ВО ЛОНДОН-2010

Морам да признаам дека за производите од алое вера слушам со години од разговорите помеѓу пациентите, но без да посветам многу внимание. Интересот кај мене го побуди желбата да ѝ помогнам на една блиска пријателка, оперирана од карцином. Таа ми помогна да стапам во контакт со др.Снежана Контра и др.Марија Ратковиќ. Оттогаш, со моето зачленување во ФЛП практично започна моето чекорење, заеднички со членовите и корисниците на производите, на патот до заедничкото задоволство: на првите кон професионалниот успех, а вторите до подобро и поздраво секојдневие. Во меѓувреме и покрај моето 20-годишно професионално искуство, за првпат сфатив и почувствував дека има фирми кои знаат соодветно да го вреднуваат и наградуваат трудот на своите соработници, како што е ФЛП. Врв на моето задоволство беше патувањето во Лондон, од каде се вратив со прекрасни впечатоци, разменети професионални искуства, нови сознанија за методите и резултатите во работењето и пред се убеденост и мотивација и во иднина да продолжам со уште поголемо ангажирање. На сите сегашни и идни дистрибутери можам да им порачам да ги работат квалификационите програми за Европско Рели на ФЛП, зошто со една иста работа добиваат 3 погодности: бонуси, квалификација за Рели и напредување во Маркетинг планот на ФЛП. Се надевам на што поголем број дистрибутери од ФЛП Македонија на следното рели во Виена во 2011 година.

Др.Роза Гелевска

Форевер злато

Неодамна присуствував на Северноамериканското рели во Орландо, Флорида и морам да ви кажам дека беше неверојатно. Сакам да им честитам на Елвира и Роберто Руиз од Лос Анџелес, тие се "Дистрибутери на годината" за Северна Америка. Исто така сакам да ги поздравам Алвин и Ема Ламбрајт од Бурн, Индиана, добитници на годишната награда за дистрибутери кои најуспешно изградиле сопствен тим на нашиот континент. Многу се гордеам со секој од дистрибутерите кои беа наградени на бината, и со нетрпение ги очекувам успесите кои претстојат во Северна Америка во текот на 2010 г.

Случувањата во Орландо беа исклучително интересни, но едно ми остави особено голем впечаток и сакам да го споделам со вас. Станува збор за обуката која ја направи Адам Меј, еден од најдобирте во Англија и квалификуван во програмата за распределба на добивката од компанијата. Адам зборуваше со силна емоција и страст и ја исполни публиката со многу оптимизам и воздишки од можностите кои ги нуди Форевер. Тој нé потсети сите нас дека е неопходно да создадеме соодветна мотивациона мисла за да успееме. Исто така ги потсети присутните да донесат одлука дека ќе донесат по пет души на следното Рели-реална цел кон која можеме да се стремиме. Не пропуштајте да ја посетите www.flpmedia.com од каде можете да ја превземете презентацијата на Адам Меј и да ги гледате снимките од неговата обука-верувајте нема да погрешите!

Додека ги гледав Олимписките игри во текот на изминатите седмици и се радував на неверојатните достигнувања на учесниците од целиот свет, често размислував за сé она што спортистите во Ванкувер го направиле за да стигнат до овој момент во своите животи и кариера. Секој натпреварувач има своја историја за бескрајните часови на вложен труд и постојаност, на совладување на препреките и разочарувањата, на надежта за победа која ги мотивира да продолжат напред, да се стремат и повторно да почнуваат одново и покрај дадените услови. Позади секоја победа (и исто така зад секој пораз) се кријат безброј часови на тивко усовршување. Во една своја книга Малколм Гладуел повеќе пати го споменува "правилото за десетте илјади часови", со што тврди дека клучот кон успехот во која и да било област во голем степен зависи од тренингот (вежби) на конкретни задачи во континуитет од околу 10 000 часа. Без сомневање е дека спортистите од светска класа, кои се натпреваруваат на олипмиско ниво, имаат посветено толку многу време на својот успех.



Рекс Моган

Претседател и главен генерален директор на ФЛП

Тоа правило не важи само за нив. Тоа се однесува и за секој еден од нас. Според мене една од најсилните пораки на Олимписките игри е дека совршенството е насекаде околу нас. Во повеќето случаи тоа не се наградува со златни медали и специјални церемонии. Всушност може да се случи никогаш да не се добие никакво признание. Сепак вистината е дека секој од нас има потенцијал за големи достигнувања во областа на која ќе и го посветиме своето време и труд. Секако тоа важи и за нас-луѓето кои сме избрале да работиме за градење на бизнис со Форевер.

Друга важна тема во презентацијата на Адам Меј е неопходноста да се однесуваме кон својот бизнис како кон вистински бизнис. Треба тоа да го сфатиме сериозно и да го инвестираме потребното време, за да го постигнеме успехот кон кој се стремиме. Според испитувањата на Гладуел потребното време излегува дека е 10 000 часа. Незнам дали тоа навистина е волшебната бројка, но ве уверувам дека ако се посветите на работата, го жртвувате времето и трудот, како што тоа го прават големите олимпијци, кои со задоволство ги гледав во Ванкувер, тогаш заслужувате да уживате во плодовите на вашиот труд. Ова многу пати е докажано од дистрибутери како што е Адам Меј, семејството Руиз, Семејството Ламбрајт и безброј други во Форевер.

Ви благодарам за сé што правите за Форевер да биде голема компанија. Ви се восхитувам на вложениот труд во градење на вашиот бизнис и со задоволство би го наградил секој од вас со златен медал!

Засекогаш Ваш,
Rex Maughan

Драги пријатели,

Ова ни е прво обраќање кон вас по завршувањето на Европското Рели на Форевер Ливинг Продактс кое оваа година се одржа во главниот град на Англија, Лондон. Повеќе од 10 000 дистрибутери од цела Европа беа сведоци на највозбудливото рели во историјата на компанијата. Впечатливата атмосфера, расположението, ентузијазмот и радоста од постигнатите резултати, тешко можат со зборови да бидат пренесени. За наше големо задоволство повеќе од 120 дистрибутери од Бугарија и Македонија имаа можност лично да присуствуваат на тој настан и да бидат сведоци на два незаборавни дена со своите најуспешни колеги од 26 европски држави. Ние бевме најголемата група во однос на бизнис остварувањата кои сме ги постигнале, за што сакаме да ви честитаме и да им се заблагодариме на сите вас кои бевте таму. А на тие кои не присуствуваа, можеме само да им препорачаме да не ја пропуштаат можноста за следното Европско Рели на Форевер кое ќе се одржи во почетокот на 2011 година, во Виена, Австрија.

Но дотогаш има уште многу време, а има важни случувања кои ќе ги одбележиме многу порано. И на прво место тоа е 10 - годишниот јубилеј од отворањето на дисконотот на ФЛП во Скопје, Македонија. Сакаме да ја искористиме можноста и да ги поздравиме сите македонски дистрибутери со заокружената годишница и да им посакаме уште многу успех, остварени соништа со можностите кои ги нуди нашата компанија. Им благодариме на сите кои толку години останаа верни на својот стремеж за успех и на тоа да го променат својот живот со продуктите и бизнисот на Форевер. Честитки за 10 годишниот јубилеј на дисконтот на ФЛП Бугарија во Македонија!

И ако се вратиме на Европското Рели во Лондон, сакаме со сите вас да споделиме нешто што посебно ни остави впечаток. За време на обуката наречена "Утро со дијамантите", речиси сите Дијамант Менаџери во Европа раскажуваа за многубројните тајни рецепти за упех. Далеку сме од мислата дека можеме да ви ги прераскажеме сите впечатливи истории на успешните луѓе, но сепак сакаме на едно нешто да обрнеме внимание, кое мислиме дека е особено важно да биде запаметено. А тоа е една мисла на Џејн Лич, Дијамант Менаџер од Англија, која беше водечка на таа обука и која само во една реченица успеа да опише колку е едноставен и достапен нашиот бизнис. А тоа е следното:

"*Секој Дијамант Менаџер бил во списокот на некој дистрибутер.*"

Тоа значи дека секој што сака да успее во овој бизнис, треба да започне со нештата кои на прв поглед изгледаат едноставни.

Се разбира дека на прво место е ЛИЧНАТА УПОТРЕБА на производите на Форевер и нивна примена во нашето секојдневие и во НАШЕТО ДОМАКИНСТВО. Замислете само какви средства користите дома, со каква паста си ги миете забите, со каков шампон и балсам се капете, каков лосион и крем користите, од каде ја купувате кремата за раце, балсам за после бричење, за загревање, за хидратирање, од каде ви е карминот, декоративната козметика и.т.н., каков подарок купувате за вашите блиски и познати? Ако на тие прашања одговорите не ви се производи на Форевер, тогаш можеби ќе треба да размислите кој бизнис сакате да го развиете-вашиот личен бизнис со ФЛП или тој на другите, кои што продаваат суплементи, производи за нега на кожа, лична хигиена и производи за убавина.

И откако дома ќе се снабдите со основните производи на Форевер и ги знаете нивните предности од свое лично искуство, следниот чекор колку што е едноставен и лесен, толку е и од витално значење за вашиот успех.-направете си го списокот со повеќе од 200 луѓе, кој секојдневно ќе го надополнувате. Луѓе кои ги познавате и на кои ќе им се јавите, за да договорите средба на која ќе им раскажете за овие можности и ползата од бизнисот кој го нуди ФЛП. И тука е моментот, кога се одлучува дали ќе успеете или не. Голем дел од луѓето ги потценуваат овие чекори и едноставно не ги прават. Тие си мислат дека овие квалитетни и корисни производи и неверојатните бизнис можности сами по себе се доволни за успешно градење на голема мрежа од потрошувачи и дистрибутери.

"Причината зошто многу луѓе не се искачиле по столбот на успехот е дека си мислат оти се качени на ескалатор."- Дитмар Рајле, Дијамант Менаџер од Германија

Да, во нашиот бизнис е неопходно да правиме чекори нагоре. Може да се мали, но важно е да бидат НЕПРЕКИНАТИ, СЕКОЈ ДЕН. Сите знаеме дека како што силата на брановите е во нивната постојаност, така и силата на мрежниот маркетинг е во секојдневното повторување на едни и исти прости и лесни дејствија-лична употреба, список, покани и разговори со луѓе. Како што Рекс сака да каже: Да чуеш е добро, да видиш е уште подобро, но најдобро е да го правиш.

И никогаш не заборавајте дека сте можеби само на едно јавување, еден гост или една презентација од моментот во кој ќе го сретнете човекот кој ќе ве направи успешни и ќе ви го промени животот!

Засекогаш Ваши,
Стефан и Тања Стаеви

SUCCESS DAY 26.03.2009

Настан од особено значење, бидејќи прославивме 10 години од отворањето на канцеларијата на Форевер во Македонија.

Водител беше Маја Јовановска, Менаџер во ФЛП. Таа ни посака уште многу успеси и остварени соништа со можностите кои нашата компанија ги нуди. Им заблагодари на сите кои толку години останаа верни на својот стремеж за успех и доследни во желбата да го променат својот живот со производите и бизнисот на Форевер.

Настанот го збогатија со своето присуство нашите гости од Бугарија: Гаља Царевска- Сениор Менаџер и ТОП 1 дистрибутер на Бугарија за 2009 година и Димитар Механџиски-Соаринг Менаџер, како и Др.Марија Ратковиќ- Сафир Менаџер и прв доктор од Србија кој стана Менаџер во Форевер.

Имавме можност да ги проследиме презентациите од Стефан Стаев, нашиот Country Manager; Мери Џајковска која ни даде корисни совети за тоа како да се справиме со пролетниот замор. Апел Александар ги сподели со нас своите совети за успех, богатство и подобар живот.

Специјални гости на 10-от роденден на Форевер беа Вероника и Стево Ломјански, први Дијамант Менаџери во регионот. Уште еднаш Вероника несебично го пренесуваше своето искуство и своите совети за успех во Форевер.

За добрата музика се погрижи Бобан Зафировски.















FOREVER
LIVING
PRODUCTS
MACEDONIA


LIVING
PRODUCTS
MACEDONIA

За да го одржуваме нашето здравје важно е да внесуваме нутриенти во едно адекватно ниво. Минералите имаат важна улога,бидејќи 4% од тежината на нашето тело вклучува минерали. Тие не се произведуваат од телото и мораат да се внесуваат преку секојдневната исхрана или како додатоци во исхраната. Сите ткива и внатрешните течности содржат различна количина на минерали. Минералите се составен дел на коските, забите, меките ткива, мускулите, крвта и нервните клетки. Минералите се катализатори за многу биолошки реакции во телото, вклучувајќи: мускулна реакција, пренесување на пораки преку нервниот систем, производство на хормони, дигестија, ензимска активност и искористеност на нутриенти од храната. Тие се

Forever Nature - Min

кофактори за сите биолошки реакции неопходни за енергија, раст, обновување и одржување на структурата на телото.Потребно е да се внесуваат минерали во форма на суплементи, бидејќи лошата дигестија, возраста, стресот и готвењето ги исцрпуваат нутриентите од храната. Основните минерали (макроминерали) на телото му се потребни во релативно големи количини. Минералите во траги му се потребни на телото во многу помали количини, но сепак, не се помалку важни за неговата функција од главните минерали. Минерален суплемент кој содржи есенцијални минерали во балансиран однос претставува практичен одговор на храниливите потреби. **Forever Nature-Min** е современа, мулти-минерална формула која користи нови хелатни форми на минерали за максимална апсорпција. Ви обезбедува минерали и минерали во траги во еден целосно избалансиран однос, што е исклучително важно за нивно ефективно функционирање. Минералите од морското исто така се добар извор на микроелементи кои се потребни за подобрување на метаболизмот и растот на клетките.

● **Калциумот** е неопходен за многу функции на организмот, вклучувајќи го и посредништвото во зајакнување и опуштање на крвните садови, регулирање на отчукувањето на срцето, спроведување на нервните импулси, стимулирање на хормонско лачење и згрутчување на крвта, контрола врз мускулното стегање, забите и развојот на коските, како и градење и одржување на здрав скелетен систем.

● **Железото** е неопходно за формирање на хемоглобинот во црвените крвни клетки, и пренесување на кислородот до клетките. Железото е основно за квалитетот на крвта, го зголемува отпорот на стрес и болести, спречува замор и потпомага во одржување на кожата. Жените, а особено бремените жени и мајки кои дојат, имаат потреба од внесување на поголема количина на железо.

● **Фосфорот** е потребен за здрави коски и заби заедно со калциумот и витаминот D. Тој е компонента на DNA и RNA, помага во метаболизмот, го гради мускулното ткиво, и помага во одржување на pH вредноста во телото.

● **Јодот** помага во развојот и функцијата на тироидната жлезда, ја регулира

телесната енергија; тироксинот е важен за регулирање на метаболизмот, важен е за здрава коса, кожа, нокти и заби.

Магнезиумот е анти-стрес минерал, им помага на мускулите и нервите, одржува здрав кардиоваскуларен систем, важен е за телесната енергија, ги зајакнува коските и забите. Помага како катализатор во хемиските реакции кои вклучуваат јаглехидрати, масти, протеини, калциум и фосфор.

Цинкот е антиоксидант потребен за правилно функционирање на имунолошкиот систем, помага во зараснување на рани, од витално значење е за развојот на репродуктивните органи, функција на простатата и активностите на машките хормони. Тој управува со стегањето на мускулите, има смирувачки ефект во централниот нервен систем, важен е за стабилноста на крвта, помага во одржување на здрава кожа и коса, важен е за дигестивниот систем, помага во регенерирање на ткивата, помага во метаболизмот на фосфорот.

Селенот е антиоксидант, дејствува со витаминот Е за да ја заштити мембраната на клетките, намалува воспаленија, ја штити еластичноста на ткивата, го стимулира имунолошкиот систем, го успорува процесот на стареење и ги зацврстува ткивата преку оксидација, и го помага метаболизмот.

Манганот е антиоксидант кој има важна улога во градбата на крвта, коските и 'рскавицата; во метаболизмот на шеќерот и производството на инсулин. Помага во намалување на оштетувањето на клетките, потребен е за функционирање на мозокот, учествува во производството на меланин, ја одржува продукцијата на сексуалните хормони и ги одржува здрави DNA и RNA.

Молибденот е потребен за метаболизмот на мастите, протеините и јаглехидратите, има превентивна улога во појавата на кариес и ронење на забите, помага во формирањето на крвта, 'рскавицата и коските.

Ванадиумот има улога во метаболизмот на јаглехидратите и има функција во регулирање на нивото на шеќерот во крвта, холестеролот и липидите.

Forever Nature-Min обезбедува селектирани макроминерали и минерали во траги од морското дно кои му се потребни на телото. Минералите се од витално значење во нашите животи; особено поради брзото темпо на живеење.

ОВИЕ ИЗЈАВИ НЕ СЕ ОЦЕНЕТИ од Секторот за храна и лекови. Овие производи не се наменети за дијагнози, третирање, лекување или спречување на било какви болести.

РАСПОРЕД НА ЗАЕДНИЧКИ ПРЕЗЕНТАЦИИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во Хотел Балзак, кој е лоциран спроти дисконтот на ФЛП. Влезот е бесплатен.

10.05.2010- понеделник
Предавач: Дејан Брсакоски - Менаџер
Почеток: 19:00

31.05.2010- понеделник
Предавач: Жикица Јовановски- Менаџер
Почеток: 19:00

РАСПОРЕД НА ПРЕЗЕНТАЦИИ ПО ГРУПИ

Презентациите се одржуваат во Сала за презентации во дисконтот на ФЛП.

- Секој понеделник: Дејан Брсакоски-Менаџер
  Почеток: 17:00 часот
- Секој вторник: Слафко Михајловски, Соаринг Менаџер
  Почеток: 17:30 часот
- Секоја среда: Апел Александар-Менаџер
  Почеток: 17:30 часот
- Секој четврток: Катерина Трајчевска - Менаџер
  Почеток: 17:00 часот

ДОСТАВА НА ПРОИЗВОДИТЕ НА ВАША АДРЕСА ПО БРЗА ПОШТА!!!

Како да порачате:

Испратете ја вашата порачка по факс до ФЛП Скопје (02/2465826) или по имеил: flp@mt.net.mk или на тел: 02/2465846.
Наведете ги следните податоци: име и презиме, точна адреса и телефон, вашиот дистрибутерски код, кодови и количини на производи кои ги порачувате.
По извршената уплата, испратете копија од вирманот по факс, или по имеил.
Уплатата ја вршите во корист на:
Форевер Ливинг Скопје
жиро с-ка: 200000875245639
Стопанска Банка-Скопје
Во цел на дознака наведете го бројот на фактурата кој ќе го добиете од ФЛП.
Поштарината ја плаќате лично при достава на пратката.

Квалификации за март 2010

НЕМЕНАЏЕРСКИ БОДОВИ

1. Дејан Брсакоски
2. Славица Донакова
3. Катерина Трајчевска
4. Наташа Петреска
5. Слафко Михајловски
6. Др. Роза Гелевска
7. Зорка Малинова
8. Вера Златковска
9. Александар Апел
10. Мери Џајковска

ТОП 3- Вкупен обем

1. Кирил Дрзманоски
2. Слафко Михајловски
3. Катерина Трајчевска

Квалификации за март

Асистент Супервизори

1. Ваканска Марија- Берово
2. Галева Марија и Ангелчо- Кочани
3. Донев Александар- Скопје
4. Ицев Кирил- Гевгелија
5. Јовановска Весна- Скопје
6. Камева Ирена-Скопје
7. Карафилоски Коста-Скопје
8. Коцева Ирина и Трајче-Свети Николе
9. Милошевска Билјана и Небојша- Гостивар
10. Мојсоска Сузана и Дејан-Прилеп
11. Мустафов Реџеп и Гулџан- Струмица
12. Николова Душка и Стојан- Скопје
13. Спасовска Ѓошевска Даниела и Ѓошевски Миле-Скопје
14. Трпчевска Гордана- Скопје
15. Тушева Цветанка- Тетово
16. Шпенд Салиу-Скопје
17. Шутарова Виолета и Васе-Богданци

Aloe Liquid Soap

Течен сапун со алое

Код: 38

Течниот сапун Aloe Liquid Soap е богато, бисерно бело, хидратантно средство за миење на раце и лице, во чиј што состав има големо количество на Алое. Прави обилна пена која што лесно се нанесува и измива. Направен од Алое Вера гелот и богат со површински активни материи кои што не ги дразнат очите, течниот сапун Aloe Liquid Soap ја чисти кожата и ѝ дава свилена нежност, а истовремено со тоа го намалува надразнувачкиот ефект кој го има кај некои тврди сапуни. Идеален сапун за бебиња и деца и е соодветен за надразнета кожа што е резултат на псоријаза и егзема.

Алоето е ценето поради неговите својства како што се својството да чисти, хидратира, регенерира и смирува, поради што е идеална основа за течниот сапун на Aloe Liquid Soap. Билошки разградлив, со контролиран pH и нема надразнувачко дејство, овој сапун е доволно благ за секојдневно миење на лицето, рацете и телото.

FOREVER LIVING PRODUCTS- МАКЕДОНИЈА
www.foreverliving.com
ул.Владимир Комаров бб, 1000 Скопје, Р. Македонија;
тел:+389 (0)2 2465846, 2465815;
факс:+389 (0)2 2465826; email:flp@mt.net.mk